**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

---

**До: д-р Зоран Трајчевски, директор**
**на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19), се доставува:


AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE - SHKUP

| Примено / Pranuar: | 12-11-2019 | | |
| --- | --- | --- | --- |
| Орг. единица / Njësia org. | Број / Numer | Прилог / Shtesë | Вредност / Vlerë |
| 10 | 4928 | 1 | |


**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН ПРОГРАМСКИ НАДЗОР**

1. **Вид надзор:** Редовен;
2. **Субјект на надзорот:** Трговско радиодифузно друштво Телевизија СИТЕЛ ДООЕЛ Скопје;
3. **Период опфатен со надзорот:** 7 октомври 2019 година;
4. **Датум на извршување на надзорот:** 11 ноември 2019 година;
5. **Предмет на надзорот:**
   - **Член 50 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (заштита на малолетните лица од програми што би можеле да му наштетат на нивниот физички, психички или морален развој);
   - **Правилник за заштита на малолетните лица** („Службен весник на Република Македонија“ бр. 172/14);
   - **Членовите 53, 54, 55, 98, 99, 100 и 101 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (правила за емитување аудиовизуелни комерцијални комуникации);
   - **Упатство за примена на одредбите за пласирање производи** („Службен весник на Република Македонија“ бр.201/14);
   - **Правилник за спонзорство** („Службен весник на Република Македонија“ бр. 40/15);
   - **Правилник за нови рекламни техники** („Службен весник на Република Македонија“ бр. 56/15);
   - **Член 52 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (обврски при обезбедување квизови или други облици на наградно учествување);
   - **Член 93 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (користење телефонски услуги со додадена вредност и телефонско гласање);
   - **Правилник за програми со наградно учествување и за користење телефонски услуги со додадена вредност** („Службен весник на Република Македонија“ бр. 185/14);
   - **Член 94 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (емитување игри на среќа);
6. **Претходно изречена мерка:** Нема;
7. **Констатации од надзорот:**

Со редовниот програмски надзор врз телевизискиот програмски сервис на Трговското радиодифузно друштво Телевизија СИТЕЛ ДООЕЛ Скопје, емитуван на 7

октомври 2019 година, на државно ниво, **констатирани се прекршувања на членот 50 став 3** (*заштита на малолетните лица*) од **Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, и на членот 17 од Правилникот за заштита на малолетните лица.**

Спротивно на членот 17 од Правилникот за заштита на малолетните лица (*категоризација на аудиовизуелните програми*), играниот филм „***Возрасни деца (Kidulthood)***" беше погрешно означен како програма од трета категорија (12+). Според критериумите од Правилникот за заштита на малолетните лица, требало да се означи како програма од петта категорија (18+), што не се препорачува за деца под 18 години, односно може да се емитува само во периодот од 00:00 до 05:00 часот

Играниот филм од британска продукција - „***Возрасни деца (Kidulthood)***", емитуван на 7 октомври 2019 година, класификуван е како – „*Програма од трета категорија - што не се препорачува за деца под 12 години, за чие следење е неопходен надзор од родител или старател*", но - по извршената анализа според критериумите од членовите 14, 15 и 17 од подзаконскиот акт – „*Правилник за заштита на малолетните лица*", се покажа дека филмов, иако е емитуван во соодветен, пополноќен термин - од 00:21:50 часот до 01:55:21 часот, сепак требало да носи предупредувачка ознака „18+", затоа што целината на аудиовизуелното дело, чие сценарио обработува современи облици малолетничка деликвенција, доминантно е составена од:

- интензивни, долготрајни и графички експлицитни сцени на брутално насилство и на последици од насилство;
- мошне чести, повторливи и долготрајни сцени / глетки со гестуални, вербални и визуелни прикази сурово понижување на човековото достоинство, нагласено т.н. – „булинг", меѓугенерациско / врсничко насилство што преоѓа и во облици на садизам (психофизичко мачење жртва / силување / самоубиство);
- подведување на проституција и на наркоманија;
- долготрајни сцени / глетки што детално прикажуваат чинови на наркоманија;
- долготрајни сцени на принуден секс со малолетници;
- континуирана употреба мошне вулгарен јазик / сленг како директна провокација кон насилство: било како закана било како навреда;
- расна / родова / сексуална / социјална – стереотипија и дискриминација;

Поради наведениве класификациски критериуми, играниот филм - „Kidulthood" (продукциски затворен во 2005 година, а со јавна премиера од 2006 г.), дури и изворната британска класификација го анализира како - „студија на случај", посебно поради сведочно-прикажувачкиот реалистичен режисерски пристап, аксиолошки воздржан кон актуелната општествена проблематика. „Kidulthood" сам по себе претставува отворен предмет на класификациска дебата / двојба за регулаторот *BBFC - British board of film classification* (https://bbfc.co.uk/case-studies/kidulthood) - дали да се одобри за јавно емитување со предупредувачка ознака – „15+" или „18+", но – никако не и под тие одредници, посебно поради потенцијално силната сугестибилност на аудиовизуелното дело, оти и протагонистите и антагонистите и споредните ликови (главно) се - малолетници. Оттаму, пак, и други држави следеле слични класификациски критериуми и насоки: Република Ирска – 18+; Португалија -

16+; Германија – 16+; САД – „Р“ („рестриктивно“ / ограничено за полнолетна публика); Нов Зеланд 18+ - подетално достапни на:

https://www.imdb.com/title/tt0435680/parentalguide?ref_=tt_stry_pg

| **Наслов на емисијата** | **Почеток на емитување** | **Крај на емитување** | **Опис на прекршувањето** |
|---|---|---|---|
| **„Возрасни деца (Kidulthood)“** - *игран филм* | 00:21:50 | 01:55:21 | Играниот филм погрешно е класификуван и означен е како програма од трета категорија (12+). Согласно со критериумите за класификација, соодветна му е – петтата категорија: *програми несоодветни за публика под 18 години.* |

8. **Опис на прекршувањето:**

**Спротивно на членот 50 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, и на членот 17 од Правилникот за заштита на малолетните лица**, на програмскиот сервис на ТРД Телевизија СИТЕЛ ДООЕЛ Скопје, на 7 октомври 2019 година – играниот филм „*Возрасни деца*“, наместо во – *петтата категорија – програми што не се соодветни за публика под 18 години*, несоодветно е класификуван како програма од - *трета категорија – што не се препорачува за деца под 12 години, за чие следење е неопходен надзор од родител или од старател.*

9. **Предлог мерка:**

Советот на Агенцијата да донесе решение за изрекување мерка јавна опомена на Трговското радиодифузно друштво Телевизија СИТЕЛ ДООЕЛ Скопје, и во согласност со точката 6 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка бр. 01-6039/1 од 20.10.2015 година, да му наложи во рок од 30 дена од денот на приемот на решението да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и со Правилникот за заштита на малолетните лица; и

Да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (радиодифузерот) постапил по изречената мерка јавна опомена (во целост, делумно или не постапил), по истекот на рокот определен во поединечниот акт (решение), донесен од страна на Советот на Агенцијата.

***Сектор за програмски работи***